

Во Кратово На неколку стотини метри од градот веќе 15 години традиционално се организира собир ,, **Друштво под орао** ,,Во сенките на големиот орев кај Борче се подготвува *печено јар*е кое се коле и спрема на самото место.Специјалитетот ни го припрема Душко а мезето Сашо,Страшко,Тоше ... Гитара и песна Гоце Мањифико а камера и фотографија Ацо.

Се останува доцна во ноќта со староградска музика и песна со пивце и винце ,со ора и песни со спомени на прекрасните времинја кога во градот секоја вечер имаше серенади и седенки.Се потсетуваме на градот кој имаше традиција во културно уметничките друштва ,во песните и одржување на обичаите. Денес се е поинаку, но еве една искра уште не изгаснала иако еднаш годишно сепак се слуша севдалинка доцна во ниоќта.Тука се одбелжуваат и родендени прослави по некој убав повод.

На крајот во утринските часови се бара десерт **оваа 2009 беше мед** од овогодишната реколта од пчеларникот Царина -Кратово.

Уште многу средби и прекрасно поминати мигови на собирот ,,Друштво под орао,,